Географија VII одд

Тема: Стопанско – географски карактеристики на РСМ
Наставна содржина:
**Трговија и туризам**

## ТРГОВИЈА

• Трговијата е стопанска гранка која ја организира размената на производите меѓу производителите и потрошувачите. Во зависност од тоа каде се одвива во однос на државната територија, таа се дели на внатрешна и надворешна трговија.

*Внатрешна трговија*

- Внатрешната трговија се одвива во рамките на државата.
- Во зависност од количините што се разменуваат, внатрешната трговија се дели на трговија на мало и трговија на големо.

*Надворешна трговија*

- Надворешната трговија се одвива надвор од границите на Македонија, односно таа опфаќа размена на производи на нашата земја со други држави.
- Продажбата на производи од Македонија кон други држави се нарекува **извоз**, а продажбата на производи од други држави во нашата, се нарекува **увоз**.
- Македонија извезува тутун, вино, земјоделски производи, текстил, јагнешко месо, лимови, феро-легури и друго, а увезува нафта, машини, звтомобили и друго.

# Туризам

- **Туризмот е стопанска гранка која го опфаќа привременото патување на луѓето од едно до друго место** заради задоволовање на културни, рекреативни, здравствени и други потреби.
- Развојот на туризмот зависи од повеќе фактори:

  1. *природно-географски* туристички мотиви ги опфаќаат релјефните одлики, климатските прилики, хидрографските услови, растителниот и животинскиот свет.

  2.антропогени фактори ги опфаќаат културно историските споменици (археолошки наоѓалишта, сакрална архитектура, споменици), етносоцијални (духовна и материјална кутура) и манифестациски вредности (разни културно-просветни и забавни манифестации) и

  3. материјални услови ја опфаќаат опременоста на туристичките простори со разни сместувачки и угостителско-туристички капацитети.

- Во Македонија се присутни скоро сите услови како фактори за развој на туризмот. Најатрактивни се: езерата, планините, бањите и градовите.

1. Езерски туристички места во Македонија се Охридското, Преспанското и Дојранското езеро, од природните езера, а од вештачките – Матка, Тиквешко езеро и други. Покрај нив се изградени голем број на туристички објекти.

   Македонските езера се привлечни бидејќи има интересни населени места  богати со објекти како цркви, манастири, галерии, археолошки наоѓалишта и др. во кои се одвиваат разни туристички манифестации.
2. Планински туристички места во Македонија има повеќе. Најпознати се: Попова Шапка на Шар Планина, Маврово на Бистра, Нижеполе и Копанки на Пелистер и други. Сите центри имаат услови за летен рекреативен, зимско-спортски и за ловен туризам. Во некои од нив се присутни карактеристични населби како што е Галичник, кој е познат по манифестацијата Галичка свадба.
3. Бањски туристички места во Македонија има осум и тоа: Катлановска, Кумановска, Кежовица, Бање, Бања Банско, Негорски Бањи, Косоврасти и Бањиште. Сите се уредени и опремени за здравстени и рекреативни цели.
4. Градските населби од туристички аспект се привлечни со своите градби во ориентално-византиски стил и поради присуството на разни културно-историски споменици и културни манифестации во нивна непосредна близина.